Центар за ортотика и протетика
СЛАВЕЈ АД Скопје

| Примено: 18.06.2025г. | | "извод" | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02- | 53 | | |

ОДУ 368/25

Република Северна Македонија
НОТАР
Снежана Сарџовска
за подрачјето на основните судови
на градот Скопје
Скопје, Народен Фронт 19
кат 01, лок. 21
**2025.06.18.**

Јас НОТАР Снежана Сарџовска за подрачјето на основните судови на град Скопје, со седиште во Скопје, ул. Народен Фронт бр.19, кат 01, локал 21, на ден 18.06.2025 (осумнаесетти јуни двеилјадидваесетипетата) година, а согласно член 2, 39 и 92 од Законот за нотаријатот, присуствував на седница на Собрание на акционери на Центар за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје, ул. Васил Ѓоргов бр. 45, со ЕМБС 4060326, за што го составив следниот ------------------------------

**З А П И С Н И К**
**од седница на Собрание на акционери на**
**Центар за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје**

Пред одржувањето на седницата на Собранието на акционери на Центар за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје, го утврдив следното: --------------------------------------------------------------------------------
- со увид во Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ бр. 0805-50/150020250233793 од 18.06.2025 год., утврдив дека Центарот за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 45, е регистрирано во единствениот трговски регистар со ЕМБС 4060326; ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
- со увид во Акционерската книга од 17.06.2025 (седумнаесетти јуни двеилјадидваесетипетата) година, утврдив дека во неа под ISIN MKSLAS101013 се запишани 58 (педесетиосум) иматели на вкупно 20.485 (дваесет илјади четиристотиниосумдесетипет) обични акции со право на глас; ----------
- со увид во дневниот весник Нова Македонија од 17-18.05.2025 (седумнаесетти-осумнаесетти мај двеилјадидваесетипетата) год. утврсдив дека е објавен Јавен повик за свикување на годишно собрание на акционери на Центарот за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје; --------------------------
Седницата на Собранието на акционери на Центарот за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје, се одржа во просториите на друштвото во Скопје, на ул. Васил Ѓоргов бр. 45, со почеток во 14:00 (четиринаесет) часот. ------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата на собрание на акционери работеше според следниот ---------------------------------------------

**ДНЕВЕН РЕД**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ: ------------------------------------------------------------------------------------------------**
**1. Отватарање на седницата на Собранието и избор на претседавач; ------------------------------------------**
**2. Избор на верификациона комисија; --------------------------------------------------------------------------------**
**3. Утврдување на кворум за работа на Собранието; --------------------------------------------------------------**
**II. РАБОТЕН ДЕЛ: ---------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**1. Усвојување на записникот од последната седница на Собрание на акционери; ------------------------**
**2. Разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за работата на друштвото во 2024 (двеилјадидваесетичетвртата) год.; ------------------------------------------**
**3. Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на работењето на друштвото за 2025 год.; ---------------------------------------------------------------------------------------------------**
**4. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2024 год.; -----------------------------------------------------------------------------------**
**5. Донесување на Одлука за распределба на добивката остварена по Годишната сметка за 2024 год.; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**6. Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Надзорниот одбор; ----------------**

С.Сарџовска

Во врска со **првата точка** од Процедуралниот дел од дневниот ред, седницата на собрание на акционери ја отвори Билјана Попов, Претседавач од последната седница на Собрание на акционери и ги извести присутните акционери дека, согласно Законот за трговски друштва, записникот од оваа седница ќе го води нотар Снежана Сарџовска од Скопје и истакна дека за понатамошниот тек на собранието потребно е да се избере Претседавач на Собрание на акционери. Акционерот Жарко Бојчов предложи за Претседавач на Собрание на акционери повторно да биде избрана Билјана Попов. Претседавач од последната седница на Собрание на акционери предлоговт го стави на гласање. Сите присутни гласаа ЗА, Немаше против, ниту воздржани. Претседавач од последната седница на Собрание на акционери констатира дека за Претседавач на Собрание на акционери е избрана Билјана Попов. ----------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **втората точка** од Процедуралниот дел **Избор на верификациона комисија,** Претседавачот на Собрание на акционери предложи да бидат избрани Владимир Соколовски за претседател, Розета Стојанова за член и Зоран Брезовски за член на Верификационата комисија. ---- Откако никој не се јави за збор, предлогот го стави на гласање. Присутните акционери гласаа „ЗА", по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека за членови на Верификационата комисија се избрани предложените лица, коишто Претседавачот на Собрание на акционери ги замоли да ја напуштат салата и во работните простории да го утврдат и изготват Извештајот за присутност на акционери на денешната седница. ------------------------------------------------------------------

Во врска со **третата точка** од Процедуралниот дел од дневниот ред, **Утврдување на кворум за работа на Собранието** Претседавачот на Собранието на акционери му даде збор на Претседателот на Верификационата комисија Владимир Соколовски, којшто ги запозна присутните акционери дека на оваа седница на собрание на акционери присуствуваат 22 акционери лично или преку нивни полномошници, сопственици на 15.179 (петнаесет илјади стоседумдесетидевет) акции со право на глас, коишто претставуваат 74% од вкупно запишаните акции со право на глас. Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека Собранието на акционери има кворум и дека може да продолжи си работа и пноважно да донесува одлуки. ------------------------------------------------------------

Во врска со **првата точка** од работниот дел на дневниот ред **Усвојување на записникот од последната седница на Собрание на акционери,** Претседавачот на Собрание на акционери го прочита Записникот од последната седница на Собрание на акционери одржана на 29.05.2024 (дваесетидеветти мај двеилјадидваесетичетвртата) год. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери предложи да се усвои Записникот од последната седница на Собрание на акционери. Сите присутни акционери гласаа ЗА, немаше против, ниту воздржани, по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека Записникот од претходната седница е усвоен со 15.179 гласа. ----------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **втората точка** од работниот дел на дневниот ред **Разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за работата на друштвото во 2024 (двеилјадидваесетичетврата) год.,** Претседавачот на Собрание на акционери, пред присутните акционери, го прочита ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за работата на друштвото во 2024 (двеилјадидваесетичетвртата) година. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери предложи да се усвои Извештајот од овластениот ревизор. Предлогот го стави на гласање. Сите присутни гласаа ЗА, немаше против ниту воздржани, по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со 15.179 гласа е усвоен ревизорскиот извештај од овластен ревизор. -----------------------------------------------------------------------

По однос на **третата точка** од работниот дел на дневниот ред **Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на работењето на друштвото за 2025 год.,** Претседавачот на Собрание на акционери му даде збор на Горан Чаловски, Претседател на Управниот одбор, којшто предложи да се донесе Одлука со која за овластен ревизор за вршење ревизија за деловната 2025 (двеилјадидваесетипетата) година да се назначи Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија – Скопје. Откако никој друг не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери предлоговот го стави на гласање. Сите присутни акционери гласаа ЗА, немаше Против, ниту Воздржани, по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со 15.179 гласа е донесена Одлука со која за овластен ревизор за вршење ревизија на работењето на друштвото за 2025 година е избрано Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија – Скопје. ---------------------------------------

**ОДУ 368/25**

По однос на **четвртата точка** од работниот дел на дневниот ред **Разгледување и усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2024 год.,** Претседавачот на собрание на акционери му даде збор на Претседателот на Управен одбор на Г-дин Горан Чаловски, кој со показатели го изложи годишниот извештај за работењето на друштвото за деловната 2024 (двеилјадидваесетичетвртата) година и меѓу другото истакна дека најголемо влијание на работење на друштвото минатата година имаа неконтролираното зголемување на репроматеријалите и енергенсите, а притоа сеуште непроменети цени на производите кои се на позитивната листа на ФЗОРСМ и кои се определени пред повеќе од 20 (дваесет) години од страна на ФЗОМ. Исто така се поголемата конкуренција во браншата која често пати е нелојална, има влијание на потешкотиите со кои друштвото се соочува во секојдневното работење. Од бројките во табелите може да се заклучи дека бројот на испорачани протези е во раст, има опаѓање на изработени индивидуални корстеи, а кај сериските производи сликата е мешана, одредени производи се во пораст, а одредени во пад. Сепак деловната година заврши успешно. Предложи Собранието да донесе Одлука со која се усвојува Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2024 год. По кратка дискусија, Претседавачот на Собрание на акционери ја стави предложената одлука на гласање. Присутните акционери гласаа „ЗА" предложената одлука, по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со 15.179 гласови, е донесена Одлука за усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на друштвото за 2024 (двеилјадидваесетичетвртата) година. -----------------------------------

По однос на **петтата точка** од работниот дел на дневниот ред **Донесување на Одлука за распределба на добивката остварена по Годишната сметка за 2024 год.,** Претседавачот на Собрание на акционери повторно му даде збор на Г-дин Горан Чаловски, Претседател на Управниот одбор на друштвото, којшто предложи Собранието да донесе Одлука за распределба на нераспредселената добивка за деловната 2024 (двеилјадидваесетичетвртата) год., да се книжи во акумулирана добивка. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери предложи да се гласа за предложената одлука. Присутните акционери гласаа „ЗА" предложената одлука, по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека 15.179 гласови, е донесена Одлука за распределба на нераспределената добивка за деловната 2024 (двеилјадидваесетичетвртата) година. ----------------------------------------------------------------------------

Пооднос на **шестата точка** од дневниот ред **Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Надзорниот одбор,** Претседавачот на Собрание на акционери, му даде збор на Г-дин Горан Чаловски којшто истакна дека е потребно Собранието да донесе Одлука со која се отповикуваат членовите на Надзорен одбор Светлана Вукашиновска, Кире Златев и Драган Велевски, а за нови членови на Надзорен одбор да се изберат лицата Владимир Соколовски, Кире Златев, како независен член и Сашо Панов. Откако никој друг не се јави за збор Претседавачот на Собрание на акционери ја стави предложената Одлука на гласање. Присутните акционери гласаа „ЗА" предложената одлука, по што Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со 15.179 гласови ЗА, е донесена предложената одлука. ------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието на акционери на Центар за ортотика и протетика СЛАВЕЈ АД Скопје, заврши во 15:00 (петнаесет) часот. -----------------------------------------------------------------------------

Овој записник е составен на три страници на три листа. ---------------------------------------------------------

Еден извод е издаден за СЛАВЕЈ АД Скопје, еден за Централниот регистар на РСМ, а изворникот се чува во архивата на нотарот. ----------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник откако лично го прочита Претседавачот на Собранието на акционери и нема никакви забелешки, во знак на прифаќање истиот го потпишува. --------------------------------------------------------

**Претседавач на Собрание на акционери**: ---------------------------------------------------------------------

Билјана Попов с.р. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно чл. 41-г) и 54 ст.1 од НТ, е пресметана во износ од **12.000,оо** денари. -

**НОТАР Снежана Сарџовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СНЕЖАНА САРЏОВСКА
СКОПЈЕ